Димитар Влахов 10, Берово
2330 Берово
Тел/факс:.033/471 057
e-mail: so.berovo@t.mk

# ОПШТИНА
# БЕРОВО

## ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА:

**ПРОГРАМА**
**за заштита од штетно дејство на водите во 2023 година**

*јануари - 2024*

**Општински Акционен план за чистење на природни водотеци и речни корита во сливот на река Брегалница за 2023 година**

Член 1

Заштитата од штетното дејство на водите опфаќа активности и мерки за заштита и одбрана од поплави, заштита од ерозија и порои , одбрана од замрзнување на површинските водни тела , како и отстранување на последиците од таквите штетни дејствија на водите.

Член 2

Како можни жаришта за поплавување на населени места како и земјоделско земјиште во Општина Берово од природни водотеци на кои е потребна интервенција за заштита од поплавување се наведуваат следните водотеци и реки кои преку овој акциски план се предвидуваат за чистење:

- Природниот водотек **"Маначиски поток"** кој се протега покрај улиците „Вељко Влаховиќ“ и улицата „Балканска" предизвикува поплави за време на порои и е потребно чистење на наносот и транспортирање на истиот во депонија. Предвидено е да се чисти потегот низводно од улицата „Борис Кидрич“ и узводно покрај улицата „Балканска" L = **1000 м**.

- Природниот водотек **„Ормански поток"** кој се протега покрај улицата „Индустриска“ и преку ул „Маршал Тито" оди до р. Брегалница и е потребно чистење на наносот во должина од **1800 м** со копање и исфрлање на вишокот материјал во депонија на растојание до 3,0 км.

- Чистење нанос на **„Чучурски андак,,** долж улицата Илинденска во Берово, во потег каде што е отворен канал со должина од околу **200 м.**

- Чистење на нанос во нерегулирано „**Корито на река Брегалница“** узводно од мостот на ул. „11 Октомври“ до граница на опфат на урбанистички план, и низводно од пешачкиот мост на ул. „Вељко Влахович“ до Мост на регионалниот патен правец Берово-Струмица во должина од **1000 м**.

- „**Ратевска река“** низводно од најкритичната делница „Ѓердови воденици“ до вливот на река Брегалница во должина од 5 000 м од кои за чистење се **1500 м**. Главно интервенцијата ќе се состои од

чистење на наносот и продлабочување на коритото а материјалот ќе се користи за насипување на бреговите и оформување на косините.

- „**Русинска река**“ **-** предвидени активности за чистење се наоѓа во село Русиново од завршетокот на улица „Димитар Влахов“ до под мостот на улица „11 Октомври“ во должина од **500 метри**, а се состои од чистење на наноси, вегетација и проширување на речното корито.

- „**Дворишка река**“ покрај локалниот пат Студенец – Двориште во должина **од 950 м.** Ќе се работи на чистење на нанос, продлабочување на коритото со формирање на косини на брегот спроти локалниот пат.

Средствата за финансирање на предвидените активности во рамки на оваа Програма во вредност од 150.000,00 денари ќе бидат обезбедени од Буџетот на Општина Берово од програма Ј2- одведување и пречистување на отпадни води

---

Извештајот е дел од активностите кои се реализирани од страна на Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина, а во соработка со другите институции на локално ниво за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година за реализација на ПРОГРАМАТА за заштита од штетно дејство на водите, во 2023 година усвоена од Советот на општина Берово бр. 09-4016/1 од 15.11.2022.

**Во текот на 2023 година за реализација на** Програмата за заштита од штетно дејство на водите во 2023 реализирани се активности од вкупно - **16.500,00 денари** за расчистување на Ормански Поток .

Одделение за комунални дејности и
заштита на животна средина

*Изработил:*
*Зоран Нешкевски*

*Контролирал:*
*Ванчо Димовски*

ОПШТИНА БЕРОВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
ЗВОНКО ПЕКЕВСКИ